**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**„ИНТЕРНО“**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 47 став 1 алинеја 6, член 68 став 2 и член 69 став 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 103 став 1 точка 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15 и 153/15), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за методологија за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи

1. Со оваа одлука се пропишува Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (во понатамошниот текст: „Методологија“).

Методологијата е во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

2. Банките се должни да ги водат трговските книги, деловната и сметководствената документација и да ги подготвуваат финансиските извештаи согласно со Методологијата.

3. Банките се должни да го усогласат водењето на трговските книги со Методологијата од 1 јануари 2018 година.

Банките се должни при почетната примена на Методологијата да ги преоценат сите финансиски средства и финансиски обврски со состојба на 31.12.2017 година и на 1.1.2018 година да ги класифицираат и мерат согласно одредбите од поглавјата 3.1, 3.2, 3.3, 3.4, 3.5, 3.6, 4.1, 4.2, 4.3, 4.4, 4.5, 4.6 и 5.7.

Разликите кои ќе произлезат од преоценката на сите финансиски средства и финансиски обврски банката сметководствено ќе ги евидентира како корекција на почетната состојба на 1.1.2018 година на сметката 906 – Задржана добивка/Акумулирана загуба.

4. Одредбите од оваа одлука се применуваат и на филијалите на странските банки и на штедилниците во Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2018 година.

6. Со отпочнувањето на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за методологија за евидентирање и вреднување на сметководствените

ставки и за подготовка на финансиските извештаи („Службен весник на РМ“ бр. 169/10, 165/12, 50/13 и 110/13).

**О.бр. -----/----/201-**
**----------**
**Скопје**

**Гувернер и**
**претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**м-р Димитар Богов**